ICA
International Council on Archives

**МЕЃУНАРОДЕН КОДЕКС НА АРХИВИСТИТЕ**

1. **Архивистите го чуваат интегритетот на архивскиот и документарен материјал и така гарантираат дека таа ќе остане трајно и сигурно сведоштво за минатото.**

Примарната задача на архивистот е обезбедување на интегритетот на документите кои им се доверени за грижа и чување. Во извршување на овие должности тие мораат да водат сметка за легитимните, иако некогаш спротивставени, права и интереси на работодавецот, сопственикот, личноста која се споменува во документите и корисниците, некогашни, сегашни и идни. Објективноста и непристрасноста на архивистот се мерка на неговата професионалност. Тој мора да се спротивстави на секој притисок, без разлика од каде доаѓа, за манипулација со сведоштвото, прикривање или искривување на фактот.

2. **Архивистите го вреднуваат, одбираат и чуваат архивскиот и документиран материјал во нејзиниот историски, правен и административен контекст, со почитување на принципот на провениенција, овозможувајќи да се зачуваат и јасно да се воочат изворните односи помеѓу документите.**

Архивистите дејствуваат во согласност со општоприфатените начела и пракси. Архивистите мораат да ги извршуваат своите задачи и функции во согласност со архивските начела кога се работи за: настанување, ракување и располагање со архивскиот и документиран материјал, вклучувајќи ги електронските и мултимедијални записи, потоа за одбирање и преземање на документи поради нивно конечно сместување во архива, како и за безбедноста, чувањето и заштитата на архивскиот и документиран материјал за која се грижат, како и за средувањето, опишувањето, објавувањето и обезбедување достапност на документите. Архивистот мора да ги вреднува документите непристрасно, својот суд да го заснова на темелно познавање на административните потреби на својата институција, како и политиката спрема документите во истата. Архивистот треба да ги средува и опишува документите одбрани за чување во

согласност со архивските начела (особено со начелото на провиниенција и начелото на првобитниот ред) и општоприфатените стандарди, што е можно порано. Архивистот треба да го презема архивскиот и документиран материјал во согласност со целта и можностите на својата институција. Не смеат да прифаќаат и бараат преземање материјал кога тоа би можело да ја загрози безбедноста и интегритетот на документот; треба да соработуваат како би обезбедиле најприкладна заштита и сместување на документите. Архивистите треба да соработуваат и со цел враќање на однесениот материјал.

3. **Архивистите треба да ја зачуваат автентичноста на документот во текот на архивската обработка, заштита и користење.**

Архивистите мораат да обезбедат архивската вредност на документот, вклучувајќи ги и електронските или мултимедијалните записи, да не биде намалена во текот на архивската обработка (одбирање, средување, заштита и користење). Секое одбирање се спроведува во согласност со внимателно утврдени постапки и критериуми. Замената на оригиналот со друг облик треба да се изврши согласно правните, вистинските и информативните вредности на документот. На корисникот треба да му се соопшти дека документите, чие користење подлежи на ограничување, се привремено отстранети од фасциклата.

4. **Архивистите треба да обезбедат континуирана достапност и разбирливост на документите.**

Архивистите ги одбираат документите од трајна вредност или материјалот на кој му поминал рокот на негово чување, односно за уништување, првенствено да би можеле да сочуваат важно сведоштво за дејноста на лицето или институцијата која ги створила или прибрала, истовремено водејќи сметка дека интересите на истражувачот се менуваат. Архивистите мораат да бидат свесни дека преземаат документи со сомнително потекло, колку и да се интересни, можат да подлежат на незаконска трговија. Архивистите треба да соработуваат со своите колеги и служби надлежни за прогон на личности осомничени за кражба на архивски и документиран материјал.

5. **Архивистите треба да водат евиденција за своите активности при обработката на архивски материјал како би можеле подоцна да ги образложат.**

Архивистите треба да се залагаат за правилна примена на канцеларискoто работење и да соработуваат со создавателите на документите при употребата на новите облици на записи и во праксата за воведување на нови информациски технологии. Архивистите не треба да се грижат само за прибирање на постоечките документи, туку и да обезбедат во веќе постоечките информациски и архивски системи од самиот почеток да се вградат потребните

постапки кои ќе овозможат вредните документи добро да се зачуваат. Архивистите кои преговараат со овластените служби или со сопствениците за предавање на документите треба да обезбедат, одлуката да биде заснована на следниве елементи: овластување за предавање, поклон или откуп; на финансиски договор и корист; на планот за средување и обработка; на авторските права и условите на користење. Архивистите треба трајно да ги чуваат документите за преземање на архивски материјал, чувањето и целокупната завршена архивска работа на нив.

6. **Архивистите треба да промовираат најширока можна достапност на архивскиот и документиран материјал и да обезбедат еднаква услуга на сите корисници.**

Архивистите треба да градат и создаваат општи и посебни информативни средства за целата архива која ја чуваат. Тие треба непристрасно да пружаат совети и да ги користат сите расположливи средства како би обезбедиле на сите еднакво ниво на услуги. Архивистите треба да настојуваат да помогнат, љубезно да одговараат на сите разумни прашања кои се однесуваат на архивскиот материјал кој го чуваат и да поттикнуваат негово користење, во согласност со политиката на институцијата, заштитата, законските одредби, правата на поединците, како и договорите со поклонодавачот. Потенцијалните корисници треба да ги известат за постоечките ограничувања при користењето и правилно да ги применуваат. Архивистите треба да ги отстранат неразумните ограничувања во пристапот и користењето на архивскиот материјал, меѓутоа мораат да предложат или прифатат јасно утврдени ограничувања со привремено времетраење како услов за преземање. Тие треба строго да се придржуваат и непристрасно да ги применуваат сите договори постигнати во моментот на преземање на документите, но во интерес на либерализација на пристапот, тие би требало да ги договорат условите на договорите кога ќе се променат околностите.

7. **Архивистите треба да го почитуваат правото на пристап до архивски материјал и правото на приватност и да постапуваат во согласност со релевантното законодавство.**

Архивистите треба да ја заштитат приватноста на правните и физичките лица, како и државната безбедност, без уништување на информации, посебно кога се работи за електронските записи каде промените и бришењето на податоци се вообичаена пракса. Тие мораат да ја почитуваат приватноста на лицата кои ги создале документите или оние на кои документот се однесува, особено кога тие лица немаат влијание при одлуката за користење и располагање со документите.

8. **Архивистите треба да ја користат довербата која им е дадена за доброто на сите, да избегнуваат да ја злоупотребат својата службена положба за неоправдано стекнување на богатство.**

Архивистите треба да се воздржуваат од сите активности кои би можеле да го загрозат нивниот професионален интегритет, објективност и непристрасност. Од својата позиција не смеат да извлекуваат финансиски или друга лична корист која би била штетна за институцијата, корисниците и колегите. Архивистите не смеат за себе да ги земаат оригиналните документи или да учествуваат во било каква трговија со документи. Архивистите можат да го користат архивскиот материјал на својата институција за лично истражување и објавување, само доколку таа работа се врши под исти услови како и за сите останати корисници. Не смеат да откриваат, ниту да користат информација до која дошле за време на работата. Не смеат да дозволат нивниот личен интерес за истражување и објавување да дојде во судир со професионалниот. Кога го користат архивскиот материјал на својата институција архивистите не смеат да го користат своето сознание за необјавени резултати на поедини истражувачи, ако претходно не ги известат за својата намера. Архивистите не смеат да дозволат никој надвор од нивната струка да се меша во нивната работа и обврски.

9. **Архивистите мораат да настојуваат да достигнат најголемо професионално ниво со систематско и константно обновување на знаењата од областа на архивистиката и размената на резултатите на своите истражувања и искуства.**

Архивистите треба да настојуваат да го развиваат своето стручно знаење и да се оспособуваат, да придонесуваат за напредок на архивистиката и да им обезбедат на оние кои ја надгледуваат нивната работа и се грижа за нивното образование, да бидат оспособени за комплетно обавување на своите задачи.

10. **Архивистите треба да ја унапредуваат заштитата и користењето на светското архивско наследство, низ соработка со припадниците на сопствената и другите струки.**

Архивистите треба да настојуваат да ја подобрат соработката и да ги избегнуваат судирите со колегите, да решаваат проблеми преку взаемно почитување на архивските стандарди и професионална етика. Архивистите треба да соработуваат со претставниците на сродните струки во духот на меѓусебно почитување и разбирање.

Кодексот е усвоен на Генералното Собрание на Интернационалниот совет на Архивистите на неговата XIII седница во Пекинг, Кина, на 6 септември 1996 година.